Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1, 8 и 15, а во врска со член 27 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), член 10 ставови 1 и 3 и член 39 став 1 алинеи 1, 8 и 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, директорот на Агенцијата, на 20 .10.2015 година, донесе

**УПАТСТВО**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РОКОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ**
**ПО РЕШЕНИЈАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКА,**
**бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година**

1. Со ова Упатство се дополнува Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година (во понатамошниот текст: Упатство за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата).

2. Во Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата, во главата II. РОКОВИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО РЕШЕНИЈАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКА, во делот *„Оператор на јавна електронска комуникациска мрежа“,* по точката 9., се додава нова точка која гласи:

   „*10.* Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа е должен во рок од 7 (седум) дена од денот на приемот на решението за преземање мерка – опомена да го усогласи своето работење со член 77 став 6 (договор за емитување) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени од страна на Агенцијата.“

3. Во Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата, во главата II. РОКОВИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО РЕШЕНИЈАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКА, по новата точка 10 (точка 2 од ова Упатство), се додава нова точка која гласи:

   *„Оператор на дигитален терестријален мултиплекс*

   11. Операторот на дигитален терестријален мултиплекс е должен во рок од 7 (седум) дена од денот на приемот на решението за преземање мерка – опомена да го усогласи своето работење со член 77 став 5 (договор за емитување) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени од страна на Агенцијата.“

4. Во Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата, бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година, точките 10., 11., 12.,13., стануваат 12., 13., 14. и 15.

5. Ова Упатство за дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата, бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година влегува во сила на денот на неговото донесување, а ќе се објави на веб

страницата и на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Подготвил/Контролирал: м-р Ивона Муфишева А.
Одобрил: д-р Андриана Скерлев Чакар

Согласен: м-р Драгица Љубевска

Бр. 01-6038/1

20.10.2015 година
Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**